# ИЗВЕШТАЈ

## за работењето на
## Организацијата на работодавачи на Македонија (ОРМ)
## во 2017 година

*Скопје, март 2018 година*

Организацијата на Работодавачи на Македонија (ОРМ), во текот на 2017 година успешно реализираше голем број активности кои произлегуваат од остварувањето на предвидените цели и задачи согласно Законот за работните односи , Статутот на ОРМ и програмата за предвидени активности за 2017 година. Во прилог се наведени некои од позначајните активности на ОРМ реализирани во текот на годината:

## 1.Здруженија

Во ОРМ досега се формирани следниве здруженија: Здружение за комунални дејности ( во мирување ), Здружение за тутунско стопанство, Здружение за текстилна индустрија, Здружение за кожарска и чевларска индустрија , Здружение за заштитни работилници, Здружение за угостителство и кафетерии, Здружение за земјоделство и прехрамбена индустрија, Здружение за градежништво и производство на градежни материјали, Здружение за хемиска индустрија и Здружение за хартија, графичка дејност, Здружение за финансиско посредничка дејност- банки и осигурителни и независни регулаторни тела, Здружение за трговија на големо и мало и Здружение за енергетика .

## 2 . Колективни договори

Согласно Спогодбата за измени и дополнувања на ОКД за приватниот сектор, став 3, потпишана на 13.07.2015год. ОРМ и ССМ како легитимни партнери се обврзаа дека ќе отпочнеме преговори за измени и дополнување од интерес на двете страни .За таа цел се собраа предлози од целото членство и се формираше работна група која подготви предлог измени на ОКД за приватнуиот сектор од стопанството во Маврово на 2-3 ноември 2016 . На 13.07.2017 покренуваме иницијатива за преговори на ОКД за приватниот сектор од стопанството со ССМ . На средбата оржана 20.07.2017 ССМ ја констатираа потребата од продолжување на ОКД за што ние не се сложивме и го образложивме нашиот став по преддлог измените . Поради изборите во ССМ како и политичката криза преговорите не продолжија.

- **Состојба на бипартитниот социјален дијалог**

Потпишани, усогласувани и објавени во службен весник се:

Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството, КД за тутунска индустрија, КД за хеминска индустрија, КД за угостителска дејност, КД за текстилна индустрија, КД за кожарска индустрија усогласен, КД за енергетика, КД за земјоделие и прехранбена индустрија, КД за Заштитните друштва, КД за баники, Колективен договор за независните регулаторни тела.

*3. Организирано* советување за примена на Законот за минимална плата со претставници од Министерството за труд и социјална политика и Државниот инспекторат за труд на тема

-"Проблеми и насоки во примената на Законот за минимална плата во Република Македонија "
за подетално запознавање со правната проблематика, заради полесна примена на Законот за минимална плата во Република Македонија со посебен осврт на последните измени и дополнувања објавени во Службен весник на Р.М бр. 132/17 кои стапија на сила на 20.09.2017,

## 4. Работењето на Економско социјалниот совет на седниците на ЕСС во 2017 година

Организацијата на Работодавачи на Македонија ( ОРМ ) како единствена организација на работодавачи која ја докажа својата репрезентативност учествуваше на сите седници на ЕСС во текот на 2017 година.
Одржани беа вкупно 9 седници, 3 во прва половина на 2017, а 6 во втората.
На седниците се разгледаа 5 закони и 7 стратешки документи од економско-социјалната сфера. Се формираа 4 постојни комисии и се разгледа една иницијатива за приклучување на Р.Македонија кон глобалното партнерство.

Во прилог на Извештајот за работа на ОРМ е и Извештајот за работењето на ЕСС за 2017 година.

## 5. Учество на ОРМ во институциите

- ***Министерство за трид и социјална политика***
  - во работна група за подготовка на Стратегијата за формализирање на неформалната економија 2018 -2022.
  - во работна група за подготовка на План за спроведување на гаранција за млади
  - тридневна работилница за ревидирање на Акцискиот план за вработување на млади до 2020 год во организација на МТСП и МОТ
  - Меѓусекторско тело за зелени работни места кое ќе работи на изработка на предлог мерки за подобрување на условите на работниците и системско решавање на предизвиците со кои се соочува бизнис заедницата во секторот енергетска ефикасност, со фокус на градежниот сектор – иницијатива на здружението Гоу Грин подржано од МТСП
  - Подготовка на **Акциски план за вработување 2020** година кој треба обезбеди преглед на активности од Стратегијата за вработување 2016-2020 година,и учество во подготовка на **Извештај за имплементација** на досегашните активности во временски период од 2016 и 2017 година
  - Донесување на Насоки за примена на Законот за минимална плата во Република Македонија("Сл. весник на РМ" бр. 11/12, 30/14, 180/14, 81/15, 129/15 и 132/17) заедно со МТСП и Државен инспекторат за труд

- Подготовка на Програма за работа на БЗР, Стратегијата за безбедност и здревје при работа на Совеот за БЗРво 2017- 2020 година и Акцискиот план за БЗР 2017 – 2020 во кој се дефинирани активностите што ќе ги превземе ОРМ .
- Учество во Меѓуинституционална работна група – Модел за предвидување на вештини, цел обезбедување поверодостојни информации за побарувачката на работна сила **МТСП ќе подготвува редовни извештаи за побарувани занимања .**
- Работна група за изработка на Преглед на занимања во текот на 2018 – 2021, веб портал за преглед на занимања www.zanimanja.mk .

***2. Министерството за оразование и наука***

- Македонската Рамка на Квалификации(МРК).

Важно е да се напомене дека улогата на работодавачите, започнува со импутот во изготвувањето на стандардите за занимања преку учеството во работните групи, во развивањето на нови квалификации со учество како членови во Секторските комисии и во усвојувањето на квалификациите со учеството во највисокото тело за МРК, како членови на Националниот Одбор на МРК.

Целта на вмрежувањето на работодавачите е да можеме да образуваме кадри кои ќе имаат реална потреба на пазарот на трудот и ќе бидат барани од индустријата, а со тоа ќе се и обезбеди полесно вработување.

- **Секторска комисија за електротехника** Влатко Канчевски - Раде Кончар-ТЕП.
- **Секторска комисија за градежништво и геодезија** Марија Шеќеровска Гранит А.Д
- **Секторска комисија за хемија и технологија** Александра Јадровска Божиноски, Европа ,
- **Секторска комисија за угостителство и туризам** БлагицаКрстева"Македонијатурист" АД Скопје

**Секторска комисија за лични услуги** Дејан Ѓорѓиевски

- Подготовка на Стратегијата за образование, 2016-2020
- Учество во Европски совет за образование - Со поддршка на номиниран претставник од ОРМ- Слаѓана Јакимовска Наскова .

***3. Учество во Локални економско социјални совети***

Учество на седница на Локален Економско Социјалени Совети во кои учествуваат нашите членови на Град Скопје, Општина Гази баба, Струмица, Битола, Тетово, Гостивар, Штип, Ресен, Велес, Свети Николе , Радовиш , Кичево и Струга.

***4.****Учество во* ***Управниот одбор на Агенција за вработување*** на Р.М и во комисијата од Посебниот фонд по основ на вработување на невработени инвалидни лица

***5.*** *Учество во* ***Управниот одбор на ФПИО***

***6.*** *Учество во* ***Одбор за акредитација*** и евалуација на високообразовни програми

*Учество во* **Советодавниот Комитет за стручно усовршување во Европска Унија**

Организацијата на работодавачи на Македонија, како членка на Советодавниот Комитет за стручно усовршување (Advisory Committee on Vocational Training) основан во рамките на Европската Унија, за спроведување на политика за

професионална обука, стручно оспособување, стручно образование и едукација, во 2017 год. учествуваше на две конференции кои се одржаа во Брисел:

**I. Конференција одржана од 20 – 21 април 2017 год.** на која беа презентирани следниве теми:

- ✓ Нови вештини во Европа, преглед и ажурирање на различните иницијативи (EQF, Europass, следење на постдипломските студии), препорака за развој на образовни патеки, следење и улога на ACVT, преглед на Препораката за клучните компетенции за доживотно учење, заедничка визија за квалитетно и ефективно школување и учење базирано на работа, иднината на стручното образование и обука, Еразмус + и поставување на ErasmusPro (долготрајна мобилност), стручно образование и интеграција на државјаните на трети земји

**II. Конференција одржана од 06 - 07 декември 2017 год.** на која беа презентирани следниве теми:

- ✓ Преглед и ажурирање на образовните акции со фокус на Препораката за следење на постдипломските студии,европска рамка за квалитетно и ефективно школување, услуги за поддршка на практикантството - статус на концепт и развој, мониторинг на среднорочните резултати од Рига, визија за стручното образование по 2020 година, годишен извештај за развој на образованието, европски семестар

## 5. Работата на Управниот одбор во 2017, заклучоци, ставови и прашања за актуелни проблеми и други активности

Седница одржана март,2017

- Обраќање на претставник од МОТ, за резултатите од проектот -Унапредување на социјалниот дијалог и утврдување на позициони писма за следен проект за темите:
  - Тренинг и поддршка за колективно договарање на работодавачите – нов сервис на ОРМ
  - Стратегија за лобирање и промоција на предлог политиките
  - Извештај од иницијативите за Законот за нотаријат и Законот за извршување.

Седница одржана октомври,2017

- Обраќање на Ирена Ристеска -раководител на сектор за пензиско инвалидско осигурување од МТСП -за предлог активности за воведување на професионална рехабилитација на лицата со инвалидност од страна на работодавачите од отворениот пазар на труд.

- Градење на став по колективните договори на гранка согласно усогласувањето со новиот закон за минимална плата.
- Покренување на постапка за преговори со синдикатот по предлог измените по Општиот колективен договор за стопанството изработени од работната група на ОРМ.
- Покренати иницијативи од ОРМ до Влатата и Економско социјалниот совет .

## 6. Добиени решенија за репрезентативност на ОРМ на национално ниво и по гранки

**Согласно член 213 од ЗРО ОРМ ги доби следниве решенија за репрезентативност добивме**

- Решение за репрезентативно здружение на работодавачи за територија на Р.М
- Решение за репрезентативно здружение на работодавачи на ниво на приватен сектор
- Решение за репрезентативно здружение на работодавачи на ниво на гранка односно оддел и тоа за :
    - Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација
    - Финансиски дејности и дејности на осигурување
    - Произвоство на тутунски производи
    - Производство на прехранбени производи
    - Производтво на текстил и обека
    - Производство на кожа и слични производи од кожа
    - Производство на хартија и производи од хартија
    - Производство на хемикалии и хемиски производи, фармацевски производи, гума и пластични маси
    - Други услужни дејности, дејности врз база на зачленување ( заштитни друштва кои вработуваат инвалидизирани лица )
    - Производство на фабрикувани метални производи освен машини и опрема
    - Трговија на големо и мало
    - Градежништво
    - Земјоделство , растително и животинско производство
    - Објекти за сместување и сервисни дејности со храна

## 7.Учество на годишната меѓународна конференција на МОТ

Претставници на репрезентативната организација на работодавачи, синдикатите како и претставници од владата на Македонија учествуваа како трипартитна делегација на 105-тата седница на Генералното Собрание на МОТ, која се одржа во јуни 2017 година, во Женева. Од Организацијата на работодавачи на Македонија (ОРМ), присуствуваше г. Ангел Димитров,

## 8. Остварена соработка со МОТ

Презентација на петте предлог-политики за унапредување на бизнис климата во нашата земја на **3. март 2017** (петок), во **Информативниот центар на ЕУ** и тоа :

- Презентација на предлог-политики за овозможувачка правна средина Љупчо Фармаковски, Комерцијална банка АД Скопје
- Презентација на предлог-политики за владеење на правото

Анче Владичевска, „Фершпед“ Скопје

- Презентација на предлог политики за развој на претприемачката култура Никица Кусиникова —Конект Скопје
- Презентација на предлог политики за потикнување на лојална конкуренција Томе Петковски, „Агроплод“ Ресен
- Презентација на предлог- политики за пристап до финансики услуги Ангел Димитров, Претседател на ОРМ

Изготвувач на предлог политиките еОрганизацијата на работодавачи на Македонија (ОРМ), како една од активностите во рамки на Проектот „Унапредување на социјалниот дијалог“, кој е финансиран од Европската унија, а го спроведува Меѓународната организација на трудот - **работилница за градење капацитети на тема „Дизајнирање програми за вработување млади лица “**,во хотел Арка, 10-11 мај 2017 година.

- **работилница за минималната плата**- Експертите на МОТ од Женева, 12 декември во хотел Арка, Скопје

- Проектот „Решенија за вработување на младите преку социјален дијалог на локално ниво “– кој го спроведува МОТ – има за цел зајакнување на капацитетот на владата и на социјалните партнери, за да може да одговорат на новите и итни потреби на младите на пазарот на трудот. Пакетот за техничка помош се фокусира на два клучни исходи, имено:

- 1) подобрување на капацитетот на Министерството за труд и социјална политика (МТСП) за реализирање на политиките за вработување на младите и поефикасна примена на алатките за следење и евалуација, како и споделување на информациите за пазарот на трудот; Вклучува ревизија на Акцискиот план за вработување на млади 2016-2020 и

- 2) локалните економско-социјални совети (ЛЕСС) и локалните центри за вработување ќе утврдат приоритети од наменските интервенции за подобрување на квантитетот и квалитетот на вработувањето на младите на локално ниво. Врз основа на резултатите од пилот мерките, МТСП и АВРМ ќе можат да ги прошират на ниво на цела држава. Времетраење на проектот- Јули 2016 до 28 февруари 2018.Вредност на проектот 303.000 УСД ( 258.000 УСД МОТ и 45.000 УСД АВРМ)

- учество на Претседателот Ангел Димитров на форумот посветен на „Работата во иднина “ **29 март 2017 година во хотел Мериот** .

## 9.Активности спроведени по проекти на кои учествуваше ОРМ

-Конференција за Економско социјалните совети од земјите во регионот,во Приштина, јануари, 2017. Целта беше подготовка за взаемното оценување на функционирањето на ЕСС на секоја земја од страна на ЕСС на другите земји.

- Конференција за Економско социјалните совети од земјите во регионот 14-16 ноември 2017 година во Сараево.Присуствувавме на настанот како членови на ЕСС, односно по еден претставник од секоја од страните (еден владин претставник, еден од работодавачи и еден од синдикати) заедно со секретарот на ЕСС, кои веќе беа вклучени во процесот на ревизија на ЕСС-ти од Западен Балкан.

-Учество на 6-тиот форум на земјите од Западен балкан за граѓанските општества, на кој се утврдуваа приоритетите за економско социјален развој во услови на миграциска криза-10-11 Јули,2017 во Сараево Босна и Херцеговина, на која се разгледа и имплементацијата и следењето на Програмите за економски реформи на земјите од регионот во рамките на Платформата за вработување и социјални прашања.

- Учество на конференцијата за Економско социјалните совети од земјите во регионот за учество на под-регионална Конференција на високо ниво, која се одржа на 5-6 јули 2017 година во Белград.

-На регипоналниот состанок на Меѓународната организација на трудот во Истамбул присуствуваше претседателот на ОРМ Г.Ангел Димитров, како дел од трипартитната делегација. Утврдени се клучните економски и социјални прашања , како и регионалните приоритети во овој дел од светот,од страна на носителите на промени, на можностите и на идните импликации во областа на трудот во европскиот регион.

-Социјалниот дијалог и иднината на работата беше главната тема на меѓународната трипартитна коференција која се одржа во Атина, Грција на 23-24 ноември 2017 година.

## 10. Подготовка за проектни апликации за проекти и добиени проекти

**Изминатата година ОРМ аплицираше на повеќе повици од разни донатори. Добиени проекти по поднесени апликации се :**

- **Проект со наслов “Подобрување на вклученоста и влијанието на граѓанското општество во јавните политики за безбедност и здравје при работа и при донесувањето одлуки како подршка на државата во процесите на пристапување кон ЕУ" - EuropeAid / 155322 / DD / ACT / MK, финансиран во рамките на програмата Ipa Civil Society and Media Programme 2016-2017.**

Главната цел на проектот е да се подобри вклученоста и зајакнувањето на влијанието на организациите на граѓанското општество во спроведувањето на клучните реформи во безбедноста и здравјето при работа,како и дијалогот и партнерството со регионалните граѓански организации од ИПА регионот. Специфична цел на проектот е подинамично граѓанско општество преку вмрежување, застапување, долгорочно стратешко организационо планирање и поттикнување на нивото на вклучување на граѓанските организации во процесот на донесување одлуки во врска со безбедни и здрави услови за работа.

Во рамките на проектот се предвидени следниве активности:

- Анализа на потребите на организациите вклучени во проектот.
- Обука за обучувачи во областа на БЗР на претставници на вклучените организации.
- Изготвување на водич за организациски развој.
- Обука за градење на капацитетите на вклучените организации.
- Студиска посета во една ЕУ држава-членка.
- Јавна дебата и меѓународна конференција.
- Креирање на политики за унапредување на БЗР, во соработка со државните институции.

- Регрантирање/ поддршка на “grass-root” организации.
- Активности за застапување и лобирање.

Проектот ќе биде спроведуван во периодот 15ти декември 2017 до 15ти Јуни 2020 година. Носител на проектот е МЗЗПР, а директни партнери се ОРМ и ССМ.

- **Проект со наслов „Извозен акцелератор за мали и средни претпријатија“- EuropeAid/138-495/ID/ACT/MK, финансиран во рамките на програмата EuropeAid/138-495/ID/ACT/MK.**

Целта на проектот е да ја подигне конкурентноста на МСП и да прагматично придонесе во имплементацијата на националните стратешки документи за конкурентност. Проектот ќе работи на постигнување на конкурентска одржлива предност на извозот на прехранбено-преработувачката индустрија и ќе им помогне на МСП во интернационализацијата, подигање на извозниот капацитет и можности.

Конкретните бенефити од проектот за фимите – учесничики ќе биде директната експертска подршка во подготовката на извозната процедура и документација и други поврзани извозни активности (анализи, нови пазари, контакти со дистрибутивни мрежи и сл.)

Во конкретните резултати ќе се вбројат: Бизнис анализи за извозните можности на регионалните пазари за прехрамнбено-преработувачката индустрија, обуки за извоз на МСП и за техничката подготвеност, нови вештини и знаења за извоз; интерактивна веб платформа за извоз и мобилна апликација; демо мали проекти за извоз на селектирани производи од прехранбено-преработувачката индустрија. Проектот има иновативен пристап и ќе ја зајакне поддршката при извоз на конкретни производи, со што ќе овозможи директен бенефит за вклучените МСП.

Во рамките на проектот се предвидени следниве главни активности:

- Бизнис анализа на можностите за извоз на регионалните пазари на продуктите од прехранбената преработувачка индустрија.
- Градење на капацитети и пренесување на знаења за одржлив извоз на компаниите.
- Финансирање на мали демонстративни проекти за избрани прехранбени производи од Македонија.

Проектот ќе биде спроведуван во периодот 15ти декември 2017 до 15ти Декември 2019 година. Носител на проектот е ОРМ, а директен партнер е Институтот за динамичен развој СФЕРА- Скопје.

Изготвиле,
Белинда Николовска
Светлана Ристовска – Антиќ

Претседател
Ангел Димитров